

***Биљана Челик***

Оваа земја стои на нашите раце.

Лична светлина, полна љубов и живот,

Родилка на храбри чеда со челична верба.

Жарот да го разгориме,

Љубовниот пламен до небо да вивне,

Остра сабја вадиме,

Лебот благословен да го сочуваме.

Доста се црни вдовици,

Деца жални сираци,

Мајки лелекници,

Нашиот род да не изумре.

Непобедливото знаме да се развее,

Подвигот наш восхит ќе е.

Проклети, нечесни крвници, накази со блуден сон,

Божјиот камшик е спремен.

Темната зандана е рај за Вас,

Длабоката јама заслужено место.